## ПОТРЕБЕН ДОКАЗ ЗА ДОМУВАЊЕ ВО ПРОЦЕС НА НАТУРАЛИЗАЦИЈА

Во однос на потребниот доказ за местото на живеење, согласно условите предвидено во член 7 од Законот за државјанство на РМ странецот треба да"има обезбедено живеалиште". Повеќето од лицата под супсидијарна заштита живеат во изнајмени куќи кои се во постапка на легализација (поради евтина закупнина) или се предмет на оставинска постапка и сопствениците на овие куќи не поседуваат имотен лист.

Секторот за државјанство како доказ за обезбедено живеалиште го смета поседувањето на имотен лист или договор за закуп заверен на нотар (за склучување на овој договор на нотар потребен е имотен лист за објектот што се издава под закуп).

## ПРЕПОРАКА:

Секторот за азил како доказ за живеалиште, односно како потребна документација за регистрација на адреса (живеалиште) треба да прифаќа лична карта на сопственикот на имотот кој се изнајмува и сметки за електрична енергија/вода или решение за данок на имот. Во овие документи името и адресата треба да се однесуваат на една иста личност. Истите документи се употребуваат за склучување на договор за закуп без заверка на нотар во постапката за остварување на правото на социјална заштита пред Центарот за социјална работа.

Согласно горенаведеното се препорачува во постапката за стекнување на државјанство на Република Македонија, како доказ за домување, да се прифати договор за закуп без заверка на нотар со горенаведените документи, како што се практикува во Секторот за азил при МВР и ЦСР при МТСП.